0128400011

Reçu CLT / CIH / ITH

Le 30 MARS 2016

N° 0914

**ЗДРУЖЕНИЕ ФЕСТИВАЛ ПРОЛЕТНИ ВЕСЕЛБИ**
**„ХИД БАХ ШЕН ФЕСТ"**
**Чалакли, Валандово / Р. МАКЕДОНИЈА**

ФЕСТИВАЛ НА ХИДРЕЛЕЗ ПРОЛЕТНИ ВЕСЕЛБИ
HIDRELLEZ BAHAR ŞENLIKLERI FESTIVAL
ХИД-БАХ ШЕН ФЕСТ HID-BAH ŞEN FEST
03/2016
02.03.2016

**ЗДРУЖЕНИЕ ФЕСТИВАЛ ПРОЛЕТНИ ВЕСЕЛБИ –ХИД БАХ ШЕН ФЕСТ- Чалакли, Валандово**

**Предмет**: Согласност за мултинационално номинирање на Пролетните празнувања на празникот Хидрелез за впишување во репрезентативната листа на Нематеријално културно наследство на УНЕСКО

Почитувани,

Ни претставува големо задоволство да ја дадеме својата согласност и поддршка за мултинационалната номинација на пролетните празнувањата на празникот Хидрелез за впишување во репрезентативната листа на Нематеријално културно наследство на УНЕСКО. Хидрелез е празник кој го означува почетокот на новиот циклус во природата, на нејзината обнова, и затоа тој претставува апотеоза (славење на животот). Како дел од нематеријалното културно наследство на турското население во Република Македонија, овој празник е од големо значење и на носителите им дава чувство на припадност и идентитет. Во согласност со празнувањето, и како начин на зачувување на традицијата, на овој ден секоја година се одржува и една од најзначајните манифестации за Турците во Република Македонија, Фестивалот пролетни веселби ХИД БАХ ШЕН ФЕСТ. Фестивалот е манифестација која постои од **1991** година и непрекинато се одржува секоја година во селото Чалакли, Валандово, во почетокот на месец мај. Самиот фестивал е истовремено прослава на пролетните празници, како дел од традицијата на турското население, но истовремено и промоција на турската култура и традиција, претставена во повеќе форми.

Во рамките на фестивалот кој трае четири (4) дена, покрај традиционалите дејствија поврзани со Хидрелез се одржуваат и следниве содржини: фолклор, изложби на ракотворби и фотографии, концерти, театарски претстави, традиционално пеливанско борење и фудбалски турнир.

Како претставници на жителите од повеќе од 10 села населени со турско население кое со генерации наназад го прославува празникот Хидрелез, ние ја даваме својата слободна согласност за мултинационалното номинирање на Пролетните празнувања: Хидрелез за можно впишување во репрезентативната листа на УНЕСКО за нематеријално културно наследство на човештвото. Сметаме дека ова впишување ќе придонесе за зголемување на свеста за зачувување и негување на турската традиционалната култура во регионот.

Со почит,
Д-р Шенол Тахир

с. Чалакли Валандово

*Адреса : Фестивал Пролетни Веселби , „ХИД БАХ ШЕН ФЕСТ" Чалакли 1461, Валандово/ Р. Македонија*
Tel. (034) 381 629 / (02)2 2458772 / моб. (078) 215.044 и 070 230.828
Факс. +389(0)34 382.055
Веб сајт: www.hidfestmakedonya.com // info@hidfestmakedonya.com
E mail : selamitahir@yahoo.com , senol_tahir20022yahoo.com, hidirellezsenlikleri@yahoo.com

**********************************************************************************

# *ZDRUZENIE FESTIVAL PROLETNI VESELBI*
# *„ HID BAH SEN FEST "*
# *Chalakli, Valandovo/ R. Macedonia*

---

**ZDRUZENIE FESTIVAL PROLETNI VESELBI**
**-HID BAH SEN FEST- Chalakli, Valandovo**

HIDRELLEZ BAHAR SENLIKLERI FESTIVAL
ХИД-БАХ ШЕН ФЕСТ HID-BAH SEN FEST
03/2016
02.03.2016

**Re:** Consent for multinational nomination of Spring celebration: **Hidrelez (Hıdırellez )** for possible inscription in the UNESCO Representative list of the Intangible Cultural Heritage of Humanity

**To whom it may concern;**

It is our great pleasure to give our free and prior consent and support for the nomination of celebration of Hidrelez for the inscription in the UNESCO Representative list of the Intangible Cultural Heritage. **Hidrelez (Hıdırellez)** celebrates the beginning of the new annual cycles of the nature, the re-birth and the apotheosis (celebration of life). As part of the intangible cultural heritage of the Turkish population that lives in Republic of Macedonia, this celebration is of a huge importance for its bearers and gives them a sense of identity and belonging. In the spirit of celebration, and as a way of safeguarding the tradition, each year on this day one of the most important manifestation for the Turkish population in the Republic of Macedonia, the Festival of Spring celebration Hid Bah Shen Fest, takes place. The festival, which is also a formal manifestation of the Hidrelez celebration, takes place in the village of Chalakli, Valandovo region, at the beginning of May, more precisely on 6th of May. Since **1991** the festival itself is a celebration of the spring holydays, which is a part of the tradition of the Turkish population, and at the same time, through different forms, it also represents a promotion of the Turkish culture and tradition. The festival held in the village of Chalakli, last for four days and is consisted of folklore, exhibitions of handcrafts and photography, concerts, theatre plays, traditional Pelivan wrestling and football games.
As representatives of the all inhabitants of more than 10 villages in southeastern part of Republic of Macedonia populated by Turkish population which through many generations celebrates the Spring celebration: **Hidrelez(Hıdırellez)**, we give our free and prior consent for the multinational nomination of the Spring celebrations: Hidrelez to be inscribed on the UNESCO Representative list of the Intangible Cultural Heritage. We strongly believe that this inscription will give contribution in increasing the awareness of the keeping and cherishing the Turkish traditional culture in this region.

Sincerely,

Shenol Tahir, ~~MD,~~

---

*Adresa: Festival Proletni Veselbi, ,HID BAH SEN FEST" Chalakli 1461, Valandovo/ R. Macedonia*
*Tel. (034) 381 629 / (02)2 2458772 / Mob. (078) 215 044 & 070 230 828*
*Fax. +389(0)34 382 055*
*Web site: www.hidfestmakedonya.com // info@hidfestmakedonya.com*
*E mail: selamitahir@yahoo.com , senol_tahir20022yahoo.com, hidirellezsenlikleri@yahoo.com*

Здружение-Културно хуманитарна организација
на турците од Источна Македонија
Бр. 02/2016
01.03 2016 год
Радовиш


***ЗКХО на Турците од И.М***

Ul.Ana Pockova br 3 Radoviş

Email:dmtd_radovis2004@hotmail.com


Предмет: Согласност за мултинационално номинирање на празнувањата на празникот Хидрелез за впишување во репрезентативната листа на Нематеријално културно наследство на УНЕСКО

Почитувани,

Здружение на Турците од Источна Македонија ја дава својата согласност за подготвување на мултинационална апликација за номинирање на празнувањата на празникот Хидрелез за впишување во репрезентативната листа на Нематеријално културно наследство на УНЕСКО. Празнувањата на празникот Хидрелез кај турското население во општината Радовиш е од големо културно значење за зачувување на традиционалната култура на сите жители на општината. Оваа номинација е од големо значење за турското население, бидејќи празнувањето на празникот Хидрелез (Ерделези) ги обединува сите турски заедници кои живеат во овој регион. Тие заедно го прославуваат доаѓањето на пролетта, обезбедувањето на здравје за луѓето и стоката и започнувањето на летниот сточарски циклус.

Како невладино здружение, ЗКХО на Турците од И.М ја дава својата целосна и слободна поддршка за изработка на мултинационална апликација за впишување на празникот Хидрелез во репрезентативната листа на Нематеријално културно наследство на УНЕСКО, со што веруваме дека ќе се придонесе за зголемување на свеста за зачувување и негување на традиционалната нематеријална култура во регионот.

Со почит,

Претседател

Диљвир Јашаров

Здружение-Културно хуманитарна организација
на турците од Источна Македонија
Бр. 03/2016
01.03 2016 год.
Радовиш

*ZKHO NA TURCITE OD I.M*
Ul.Ana Pockova br 3 Radoviş
Emaıl:dmtd_radovis2004@hotmail.com

Re:. Consent for multinational nomination of the Spring celebration: Hidrelez for possible inscription on the UNESCO Representative list of the Intangible Cultural Heritage

To whom it may concern,

With this letter, the ZKHO na Turcite od I.M gives its consent for preparing the multinational application for the nomination of Spring celebration: Hidrelez for the inscription in the UNESCO Representative list of the Intangible Cultural Heritage. The spring celebration Hidrelez is of huge importance for the preservation of the traditional culture of the Turkish population that live in Radovish region. Since this municipality has multiethnic demographic structure, the Hidrelez (Erdelezi) celebration unites the Turkish communities that live in this region, which gives the nomination significant importance. Together, Turks share mutual celebration of the beginning of spring and the beginning of the livestock cycles.

As a nongovernmental organization, we ZKHO na Turcite od I.M give our free and prior consent and support in the preparation of the multinational application for inscription of the Spring celebration: Hidrelez on the UNESCO Representative list of the Intangible Cultural Heritage. We strongly believe that this inscription will give great contribution in increasing the awareness of the importance of keeping and cherishing the Turkish traditional intangible culture heritage of this region.

Sincerely,

President

Dinjavir Jasharov

**Здружжение на љубители на ромска фолклорна уметност “Романо ило“**
**ул.Пелагонија бр.34,Скопје**
**1000-Скопје Р.Македонија**
**моб: 076/ 598 013**
E-mail : rromanoilo@yahoo.com

бр.0011-1/16
08.03.2016

**Предмет:** Согласност за мултинационално номинирање на пролетните празнувањата на празникот Ерделези за впишување во репрезентативната листа на Нематеријално културно наследство на УНЕСКО

Почитувани,

Со оваа согласност Здружението на љубители на ромска фолкорна уметност „Романо ило“ од Скопје дава целосна поддршка за подготвување на мултинационалната апликација за номинирање на Пролетните празнувања на празникот Ерделези за впишување во репрезентативната листа на нематеријално културно наследство на УНЕСКО.

Ерделези е празник кој е од големо значење на ромите кои живеат општина Шуто Оризари, која е најголема ромска општина во светот. Празнувањето, кое е во голема мера поврзано со означувањето на доаѓањето на пролетта, вклучува голем број ритуали кои се поврзани со започнувањето на пролетта и обезбедување на здравје и плодност кај луѓето и стоката.

Празникот Ерделези е од големо значење за ромите, не само од Република Македонија, туку и за ромите од целиот регион кои доаѓаат во Скопје и учествуваат во празнувањето, со што се стекнуваат со чувство на припадност и идентитет на ромската заедница. Пролетните празнувања на празникот Ерделези трае неколку дена и е централен настан во текот на целата година.

Заштитата на овој празник е од големо значење за зачувување на традиционалните културни вредности на ромите во Република Македонија. Здружението на љубители на ромска фолкорна уметност „Романо ило“ од Скопје го поддржува празнувањето на Ерделези и се труди истиот да биде зачуван и соодветно пренесен на помладите генерации.

Веруваме дека впишувањето на празникот Ерделези во репрезентативната листа на УНЕСКО за нематеријално културно наследство ќе придонесе за зголемување на свеста за зачувување и негување на традиционалната култура на ромите во регионот.

**Со почит,**
Претсеател;
Бранислав Петровски,

**ASSOCIATION OF THE ADMIRERS OF ROMANY FOLKLORE ART "ROMANO ILO" - SKOPJE**
**Pelagonija st. 34,**
**1000 SKOPJE R. MACEDONIJA**
**Mob. ++38976 598 013**
**E-mail:rromanoilo@yahoo. com**

Re:. Consent for multinational nomination of Spring celebration: Erdelezi for the inscription on the UNESCO Representative list of the Intangible Cultural Heritage of Humanity

To whom it may concern,

With this letter the Association of admirers of Roma folklore art "Romano Ilo" - Skopje, gives its full support and free and prior consent for the preparation of the multinational application for nomination of the Spring celebration: Erdelezi for its possible inscription in the UNESCO Representative list of the Intangible Cultural Heritage of Humanity. Erdelezi is a holiday of enormous importance of the Roma population that lives in the municipality Shuto Orizari in Skopje, which is the largest Roma municipality in the world. The celebration marks the beginning of the spring and includes many rituals for awakening the earth and providing health and well being for people and livestock. This celebration is of a huge importance for the Roma not only from Republic of Macedonia, but also for the Roma populations of the wider region who arrives in Skopje and participates in the Shuto Orizari celebration of Erdelezi which gives them a sense of identity and belonging to the Roma comunity. In the municipality of Shuto Orizari – Skopje, the Erdelezi celebration last for several days thus being the most important event in the whole year. The inscription of this celebration is of a huge importance in preserving the traditional cultural values of the Roma population that lives in the Republic of Macedonia. Its safeguarding is very important for preserving the traditional cultural values of the Roma population in Republic of Macedonia. The Association of admirers of Roma folklore art "Romano Ilo" – Skopje fully supports the celebration on highest level and gives its contribution for the transmission of this cultural heritage to the future generations. We strongly believe that the inscription of the Spring celebration Erdelezi on the UNESCO Representative list of the Intangible Cultural Heritage will give great contribution in increasing the awareness of keeping and cherishing the traditional culture of the Roma in this region.

Sincerely,
Branislav Petrovski